# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 11 Јули 2016 година Скопје Бр.7 Год. XI |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за отпочнување на активности за ажуририрање на Процената за загрозеност од ризици........ стр. 2

2. Одлука за давање на согласност на Општинските основни училишта на Општина Ѓорче Петров за издавање под закуп на училишните кујни........ стр. 4

3. Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво..... стр. 7

4. Одлуки за именување претставници во Училишни Одбори во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров........ стр. 10

5. Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објект „Кокиче“ во населба Дексион, општина Ѓорче Петров , кој ќе функционира во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, општина Ѓорче Петров, Скопје........ стр. 22

6. Одлука за давање на користење, одржување и управување на објект „Кокиче“ на Јавната детска градинка „РОСИЦА“ на општина Ѓорче Петров, Скопје........ стр. 26


Јули 2016 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за отпочнување активности за ажурирање на Процената на загрозеност од ризици**

Се објавува Одлуката за отпочнување активности за ажурирање на Процената на загрозеност од ризици, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/1**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за управување со кризи (Службен Весник на Р.М. бр.29/05 и 36/11), ќлен 14 став 1 од Уредбата за Методологијата за ажурирање на Процената (Службен Весник на Р.М. бр. 13/11), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 51-та Седница одржана на ден 11.07.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за отпочнување активности за ажурирање на Процената**
**на загрозеност од ризици**

**Член 1**

Со Одлуката се задолжува Градоначалникот на општина Ѓорче Петров да отпочне активности за ажурирање на Процената на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризни состојби на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Ажурирањето на Процената на загрозеноста од ризици, како процес ќе се врши редовно по квартали во текот на годината, а по укажана потреба и вонредно.

**Член 3**

Ажурирањето на Процената на загрозеност од ризици на подрачјето на Општина Ѓорче Петров ќе се врши во соработка со работна група за процена од регионалниот центар за управување со кризи-Карпош.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник" на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-1927/3** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 11.07.2016 година** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Скопје** — **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Општинските основни училишта на Општина Ѓорче Петров за издавање под закуп на училишните кујни**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Општинските основни училиштана Општина Ѓорче Петров за издавање под закуп на училишните кујни, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/2**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, а во врска со член 62 од Законот за Локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 51-та седница, одржана на ден 11.07.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Општинските основни училишта на Општина Ѓорче Петров за издавање под закуп на училишните кујни**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Општинските основни училишта на Општина Ѓорче Петров, за издавање под закуп и користење на училишните кујни.

**Член 2**

Под училишни кујни во смисла на оваа одлука, се подразбира просторот во објектот на општинското основното училиште кој служи за подготвување и делење на храна.

**Член 3**

Општинските основни училишта, училишните кујни можат да ги издаваат под закуп на правни и физички лица за подготвување и делење на храна за учениците под услови и на начин утврден со Законот за основно образование, оваа одлука и статутот на училиштето, во склоп на постапка за доделување на договор за јавна набавка на топол оброк и ужинка, согласно Законот за јавните набавки.

**Член 4**

Училишните кујни може да се издаваат под закуп за определен временски период, кој неможе да биде подолг од 3 години.

**Член 5**

Во договорот за јавна набавка на топол оброк и ужинка, склучен со избраниот понудувач да бидат уредени и меѓусебните права и обврски за закупот на просторот.

Во договорот за јавна набавка да бидат содржани следните елементи:

- намена за која се користи просторот,
- времетраење на користењето,

- големина на просторот изразена во м2,
- висина на месечна закупнина и начин и рок на плаќање,
- начин и рок на плаќање на реалните материјални трошоци (потрошок на електрична енергија, вода и ѓубретарина).

**Член 6**

Висината на надоместокот за користење на опремена училишна кујна се утврдува во износ од 10 евра/м2, а користење на неопремен простор за училишна кујна во износ од 2,50 евра/м2.

**Член 7**

Доколку училишната кујна се користи со опрема и инвентар што не може физички да се издвои или истите се во функција, закупецот е должен доколку по негова вина настане оштетување на опремата и инвентарот, да ги сноси трошоците за настанатата штета.

**Член 8**

Средствата остварени по основ на користење на училишните кујни се користат наменски и ќе се распределуваат за следната намена:

- подобрување на условите за воспитно-образовната дејност на училиштата,
- финансирање на проекти за унапредување и модернизација на воспитно-образовниот процес,
- набавка на училишен материјал,
- тековно или инвестициско одржување.

**Член 9**

Надзорот над спроведувањето на оваа одлука го врши Градоначалникот на општина Ѓорче Петров пеку Одделението за јавни дејности.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1927/4** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 11.07.2016 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за за формирање на Општински совет за превенција на детско престапнишво**

Се објавува Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско престапнишво, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/3**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 158 и 159 од Законот за правда за деца (“Сл. весник на РМ” бр.148/13, член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров”(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13, статутарната одлука за измена и дополнување на статутутот на Општина Ѓорче Петров Службен Весник бр 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 51-та седницата, одржана на ден 11.07.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Општински совет за превенција на детско престапнишво**

**Ч л е н 1**

Со одлуката се формира Општински совет за детско престапнишво во Општина Ѓорче Петров – Скопје.

**Ч л е н 2**

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво има 11 членови.

**Ч л е н 3**

За членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво, се именуваат:

- Д-р Жаклина Просароска - Виш полициски советник од Министерство за внатрешни работи,
- Љубинка Угриновска - Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Скопје,
- Лирие Елези Ајрулау - Судија за малолетници од Основен суд Скопје 1,
- Крстевска Снежана - Дипломиран социјален работник од Ј.У. Меѓуопштински центар за социјална работа - Скопје
- Бојан Ваневски - Адвокат номиниран од Адвокатска комора на Р. Македонија,
- Вукељ Ваљдета - Советник за лица со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение, преставник од Министерсво за труд и социјална политика,
- Маја Арсовска - Наставник по граѓанско образование од О.О.У. Мирче Ацев,
- Софка Димитриевска - од О.О.У. Ѓорче Петров,
- Слаѓана Смилчевска - Наставник по одделенска настава од О.О.У. Јоаким Крчоски,
- Ирена Мирчевска - Психолог од О.О.У. Тихомир Милошевски,
- Зоран Наков - Наставник од О.О.У. Димитар П.Г. Беровски

**Ч л е н 4**

Членовите се именуваат за мандат со траење од пет години, со право на повторен избор.

**Ч л е н 5**

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво:

- донесува годишна програма за својата работа што ја усвојува советот на општината,
- донесува деловодник за својата работа,
- врши работи за следење на состојбите и покренува иницијативи за нивното подобрување и
-развива програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејствиа што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

**Ч л е н 6**

За својата работа Општинскиот совет за превенција на детско престапништво најмалку еднаш годишно го известува Советот на Општина Ѓорче Петров и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

**Ч л е н 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 08-1927/5**
**од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за именување претставници од Општина Ѓорче Петров во Училишниот одбор на општинско Основно Училиште „Ѓорче Петров“**

Се објавува Одлуката за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во Училишниот одбор на Основното Училиште „Ѓорче Петров“,што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/4** **ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**Од 11.07.2016 година** **ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Скопје** **Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 51-тата Седница одржана на ден 11.04.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинско Основно училиште „Ѓорче Петров“- Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Ѓорче Петров“-Скопје, се избираат:

- Тања Барјактарова
- Лидија Јовановска

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Ѓорче Петров“, број 07-1594/12 од 07.06.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 9/13).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1927/6**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за именување претставници од Општина Ѓорче Петров во Училишниот одбор на општинско Основно Училиште „Мирче Ацев“**

Се објавува Одлуката за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбор на Основното Училиште „Мирче Ацев“, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/5**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М." бр. 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 51-тата Седница одржана на ден 11.07.2016 година, донесе:

**О Д Л У КА**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинско Основно училиште**
**„Мирче Ацев" - Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев"-Скопје, се избираат:

- Валентина Николовска
- Катерина Бишкоска Димитриовска

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев", број 07-1594/12 од 07.06.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 9/13) и Одлуката за именување и дополнување на Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев", број 07-1912/5 од 13.06.2014 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 7/14).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1927/7**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за именување претставници од Општина Ѓорче Петров во Училишниот одбор на општинско Основно Училиште „Димитар Поп Георгиев Беровски“**

Се објавува Одлуката за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбор на Основното Училиште „Димитар Поп Георгиев Беровски “, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/6**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 51-та Седница одржана на ден 11.07.2016 година, донесе:

**О Д Л У КА**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинско Основно училиште „Димитар Поп Георгиев-Беровски“ - Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Димитар Поп Георгиев-Беровски “-Скопје, се избираат:

- Соња Палчевска Ќосева
- Гоце Петрески

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Димитар Поп Георгиев-Беровски“, број 07-1594/12 од 07.06.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 9/13).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1927/8**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за именување претставници од Општина Ѓорче Петров во Училишниот одбор на општинско Основно Училиште „Страшо Пинџур“**

Се објавува Одлуката за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбор на Основното Училиште „Страшо Пинџур“,што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/7**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 51-тата Седница одржана на ден 11.07.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинско Основно училиште**
**„Страшо Пинџур“ - Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Страшо Пинџур “-Скопје, се избираат:

- Љубиша Велјановски
- Драган Трајкоски

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Страшо Пинџур “, број 07-1594/15 од 07.06.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 9/13) .

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1927/9**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во Училишниот одбор на општинско Основно Училиште „Тихомир Милошевски“**

Се објавува Одлуката за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбор на Основното Училиште „Тихомир Милошевски“,што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/8**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М." бр. 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 51-тата Седница одржана на ден 11.07.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинско Основно училиште „Тихомир Милошевски" - Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Тихомир Милошевски"-Скопје, се избираат:

- Наташа Кочовска
- Зоран Апостоловски

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Тихомир Милошевски", број 07-1594/16 од 07.06.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 9/13) и Одлуката за именување и дополнување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Тихомир Милошевски", број 07-802/7 од 07.03.2014 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 3/14).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1927/10**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во Училишниот одбор на општинско Основно Училиште „Јоаким Крчовски“**

Се објавува Одлуката за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбор на Основното Училиште „Јоаким Крчовски“, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/9**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 51-тата Седница одржана на ден 11.07.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинско Основно училиште „Јоаким Крчоски“ - Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Јоаким Крчоски“-Скопје, се избираат:

- Бобан Пешевски
- Даниела Николиќ

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Јоаким Крчоски“, број 07-1594/17 од 07.06.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 9/13) и Одлуката за именување и дополнување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Јоаким Крчоски“, број 07-2762/7 од 16.09.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 13/13).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1927/11**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објект „Кокиче“ во населба Дексион, општина Ѓорче Петров , кој ќе функционира во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, општина Ѓорче Петров, Скопје**

Се објавува Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објект „Кокиче“ во населба Дексион, општина Ѓорче Петров , кој ќе функционира во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, општина Ѓорче Петров, Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/10**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 8 а во врска со член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02“), член 102-а став 3 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14),Советот на општина 51-та на седницата одржана на ден 11.07.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објект „Кокиче“ во населба Дексион, општина Ѓорче Петров , кој ќе функционира во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, општина Ѓорче Петров, Скопје.**

**Член 1**

Одлуката се донесува за отпочнување со работа и за вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, општина Ѓорче Петров - Скопје во објектот лоциран на ул. Борис Сарафов бр. 131 во населба Дексион, општина Ѓорче Петров кој ќе функционира во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, на ул. Исаија Мажовски бр. 35 општина Ѓорче Петров, Скопје.

**Член 2**

Во објекот ќе се спроведува програма за рано учење и развој. Според времетраењето програмата ќе се остварува во целодневен престој на децата.
Згрижувањето и воспитанието на децата ќе се реализира во 6 групи кои ќе бројат од 9 месечна возраст до 6 годишна возраст, за 120 деца.

**Член 3**

Објектот се наоѓа во населба Дексион, општина Ѓорче Петров, Скопје.

**Член 4**

Дејноста на детската градинка е: Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско - рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

**Член 5**

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ бр. 28/14, 40/14,136/14 и 71/15“).

**Член 6**

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на објектот ќе се обезбедат од буџетот на општина Ѓорче Петров, од Буџетот на Република Македонија преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон.

**Член 7**

Средства за основање и почеток со работа на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“ Ѓорче Петров, општина Ѓорче Петров, за новиот објект, ќе ги обезбеди основачот.

**Член 8**

Општина Ѓорче Петров како основач на ЈОУДГ „РОСИЦА“ ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на Решение од надлежното Министерство за отпочнување со работа на објектот.

**Член 9**

Директорот на ЈОУДГ „РОСИЦА“ општина Ѓорче Петров се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-1927/12**
**од 11.07.2016 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на користење, одржување и управување на објект „Кокиче" на Јавната детска градинка „РОСИЦА" на општина Ѓорче Петров, Скопје**

Се објавува Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објект „Кокиче" на Јавната детска градинка „РОСИЦА" на општина Ѓорче Петров, Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-2054/11**
**Од 11.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 , 36 став 1 точка 8 а во врска со член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02“), член 102-а став 3 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14),Советот на општина 51-та на седницата одржана на ден 11.07.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За давање на користење, одржување и управување на објект „Кокиче“ на Јавната детска градинка „РОСИЦА“ на општина Ѓорче Петров, Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на објектот „Кокиче“ на Јавната детска градинка „РОСИЦА“ на општина Ѓорче Петров, Скопје како и други прашања во врска со функционирањето на објектот „Кокиче“.

**Член 2**

Објектот „Кокиче” во состав на Јавната детска градинка „РОСИЦА“, општина Ѓорче Петров е изграден со средства (од Буџетот на општина Ѓорче Петров).

**Член 3**

Објектот „Кокиче” во состав на Јавната детска градинка „РОСИЦА“, општина Ѓорче Петров ќе го користи, одржува и управува Јавната детска градинка „РОСИЦА“, општина Ѓорче Петров, Скопје .

Јавната детска градинка „РОСИЦА“ на општина Ѓорче Петров, Скопје е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За предавањето на објектот и опремата во истиот на Јавната детска градинка „РОСИЦА“ на општина Ѓорче Петров, Скопје ќе се состави записник.

**Член 4**

Јавната детска градинка „РОСИЦА“ на општина Ѓорче Петров, Скопје не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 5**

Директорот на Јавната детска градинка „РОСИЦА“ на општина Ѓорче Петров, Скопје се обврзува да ги преземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објектот

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-1927/13**
**од 11.07.2016 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**